**Закон за Академијата за наставници**

**Консолидиран текст**

**(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15, 192/15, 30/16 и 127/16)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

**Член 1**

Со овој закон се основа и се уредува работењето на Академијата за наставници (во натамошниот текст: Академијата) како јавна установа за прием и стручно усовршување на кандидати за учество во обуката за наставници во јавните и приватните училишта, како и издавањето, обновувањето и одземањето на лиценца за работа на наставници (во понатамошниот текст: лиценца).

**Член 2**

(1) Заради стручно усовршување на идните наставници и усовршување и обука за професионално, стручно и ефикасно извршување на работните задачи на идните наставници и веќе вработените наставници се основа Академија за наставници.

(2) Академијата има својство на правно лице кое го стекнува со запишувањето во Централниот регистар на Република Македонија.

(3) Седиштето на Академијата е во Скопје.

**Дејност на Академијата**

**Член 3**

(1) Академијата врши прием и стручно усовршување на идните наставници и усовршување и обука за професионално, стручно и ефикасно извршување на работните задачи на идните наставници согласно одредбите од овој закон.

(2) Академијата својата дејност ја спроведува преку:
- прием на кандидати во програмата за обука по пат на организирање и полагање на приемен испит,
- организирање и спроведување на програмата за обука за идните кандидати за наставници во основните и средните училишта и спроведување на завршен испит,
- издавање, обновување и одземање на лиценца за работа на наставник,
- врши и други работи утврдени со закон и општите акти на Академијата.

(3) Заради спроведување на нејзината дејност, Академијата:
- организира и спроведува домашни и меѓународни конференции, тркалезни маси,

семинари, програми за стручни посети и други форми на обука и стручно усовршување,
- води Регистар на лиценцирани наставници,
- ја подготвува годишната анализа на потребите за обука врз основа на извршената евалуација, предлозите и сугестиите на учесниците на обуките и предавачите, како и домашната и европската практика,
- ангажирање на надворешни стручни лица,
- воспоставува и одржува соработка во полето на обуката со сродни домашни и странски институции, организации, установи, здруженија и фондации,
- соработува со европските мрежи на институциите за обука на наставниците,
- организира и води библиотека,
- издава публикации и врши друга издавачка дејност за свои потреби,
- остварува соработка со педагошките факултети и други високообразовни установи заради развој на програми и подготвување на студентите од педагошките факултети и други високообразовни установи за прием во Академијата и
- организира и учествува во истражувачки проекти и други дејности од значење за унапредување и усовршување на обуките во образованието,
- изготвува и предлага етички кодекс за наставници кој го утврдува министерот за образование и наука (во понатамошниот текст: министерот).

**Член 4**

Во Академијата се забранува политичко и верско организирање и дејствување.

**Правична застапеност**

**Член 5**

(1) При конституирањето на органите и телата на Академијата, назначувањето на предавачите, конституирањето на Комисијата за приемен испит и Комисијата за завршен испит, се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија.

(2) При селекцијата на кандидатите за прием во програмата за обука во Академијата, без да се нарушат критериумите предвидени со овој закон, се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои им припаѓаат на сите заедници во Република Македонија, согласно член 37 од овој закон.

**II. ОРГАНИ НА АКАДЕМИЈАТА**

**Член 6**

Органи на Академијата се Управниот одбор, директорот и Програмскиот совет како стручно тело на Академијата.

**Управен одбор**

**Член 7**

(1) Управниот одбор е орган на управување на Академијата и го сочинуваат девет члена, и тоа:
- еден член од Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството), кој го определува министерот,
- еден член од Центарот за стручно образование и обука, кој го определува директорот,
- еден член од Бирото за развој на образованието, кој го определува директорот,
- еден член од Државниот просветен инсекторат, кој го определува директорот,
- четири члена кои ги определува Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата),
- еден член од редот на вработените во Академијата.

(2) Начинот на определувањето на членот од редот на вработените во Академијата, се уредува со статутот на Академијата.

(3) Член на Управниот одбор треба да ги исполнува и следните услови:
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- да има завршено високо образование или стекнато најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI А ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации;
- да има најмалку пет години стаж во струката по дипломирањето и
- да поседува еден од следниве меѓународно признати сертикати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода.

(4) Членовите на Управниот одбор ги избира и разрешува Владата.

(5) Во работата на Управниот одбор учествува директорот на Академијата (во натамошниот текст: директорот), без право на глас.

(6) Управниот одбор има секретар кој е од редот на вработените во Академијата.

**Член 8**

Управниот одбор ги врши следниве работи:
- ги донесува општите акти на Академијата и го следи нивното извршување,
- избира претседател на Управниот одбор и негов заменик, од редот на членовите на Управниот одбор,
- распишува јавен конкурс за избор на директор и заменик директор,
- го именува и го разрешува директорот и заменикот на директорот,
- одлучува за времено отстранување од работа на директорот при поведена постапка за разрешување,
- констатира и утврдува престанок и разрешување на член на Управниот одбор,
- назначува и утврдува престанок и разрешување на член на Програмскиот совет,
- ја избира и конституира Комисијата за приемен испит и Комисијата за завршен испит, го избира претседателот на Комисијата за приемен испит и претседателот на Комисијата за

завршен испит, утврдува престанок на функцијата на членовите на Комисијата за приемен испит и Комисијата за завршен испит и нивните заменици и ги усвојува нивните извештаи за текот на постапката за полагање на испитите,
- ја утврдува листата на предавачи по предлог на директорот на Академијата,
- ги разрешува предавачите на Академијата по предлог на директорот,
- по предлог на Програмскиот совет, донесува програми за приемен испит, за обука и за завршниот испит, програма за практичниот дел од обуката, и специјализирани програми за обука,
- донесува годишен финансиски план што го доставува до надлежните органи,
- го утврдува начинот на користењето на средствата за работа на Академијата,
- донесува стратешки план на Академијата,
- ја утврдува висината на уписнината, врз основа на реално направени трошоци, а по претходна согласност од Владата,
- ја усвојува завршната сметка и Програмата за работа на Академијата поднесена од директорот,
- најдоцна до 1 март во тековната година, усвојува годишен извештај за работата на Академијата во претходната година и го доставува до институциите од член 7 став 1 од овој закон, застапени во Управниот одбор и до Владата,
- дава насоки за соработката со сродни институции, организации и здруженија од земјата и од странство, за меѓународни проекти, грантови и донации,
- донесува Деловник за својата работа,
- донесува акти за внатрешната организација и систематизација на работните места и други општи акти, по предлог на директорот,
- донесува одлуки, решенија и заклучоци и
- врши други работи утврдени со овој закон и други општи акти.

**Мандат на членовите на Управниот одбор**

**Член 9**

Мандатот на член на Управниот одбор трае четири години со право на уште еден избор, со тоа што членовите на Управниот одбор се избираат така што два члена од Владата се избираат на три години, другите два члена од Владата на четири години, членовите од Државниот просветен инспекторат и од Академијата се избираат на три години, а членовите од Центарот за стручно образование и обука, Бирото за развој на образованието и Министерството се избираат на четири години.

**Престанок на мандатот и разрешување на член на Управниот одбор**

**Член 10**

(1) На член на Управниот одбор му престанува мандатот:
- по негово барање,
- поради смрт,
- ако му престане функцијата или работниот однос во органот каде што ја извршува функцијата или има засновано работен однос и
- ако е спречен да ја врши функцијата член на Управниот одбор подолго од шест месеци поради болест или други оправдани причини.

(2) Член на Управниот одбор се разрешува поради:
- нестручно и несовесно вршење на функцијата во Управниот одбор,
- ако со правосилна одлука му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност и
- ако со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор во траење над шест месеци.

(3) Во случаите од ставот (1) или (2) на овој член, органот кој го назначил членот, кој е разрешен или чиј мандат престанал номинира нов член најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за разрешување, односно престанок на мандатот.

**Претседател на Управниот одбор**

**Член 11**

(1) Претседателот на Управниот одбор се избира од редот на членовите на Управниот одбор.

(2) Претседателот на Управниот одбор не може да биде избран од редот на вработените во Академијата.

(3) Мандатот на претседателот на Управниот одбор трае согласно член 9 од овој закон, со можност за уште еден избор.

**Начин на работа на Управниот одбор**

**Член 12**

(1) Работите од својот делокруг Управниот одбор ги врши на седница.

(2) Седниците се закажуваат најрано седум работни дена пред денот на одржувањето, а материјалите за седницата се доставуваат до членовите на Управниот одбор најдоцна пет работни дена пред одржувањето на седницата.

(3) Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Управниот одбор.

(4) Седница на Управниот одбор може да се свика и по барање на директорот или на член на Управниот одбор.

(5) Управниот одбор одржува седница ако се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(6) За секоја седница секретарот води записник.

**Начин на одлучување на Управниот одбор**

**Член 13**

(1) Управниот одбор донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(2) Доколку не се обезбеди потребното мнозинство од ставот (1) на овој член, седницата се одлага и претседателот веднаш закажува нова седница која ќе се одржи најдоцна во рок од осум дена.

**Надоместок на трошоци на членовите на Управниот одбор**

**Член 14**

Претседателот и членовите на Управниот одбор имаат право на надоместок врз основа на реални патни и дневни трошоци, чија висина ја определува Владата.

**Директор**

**Член 15**

(1) Директорот е раководен и извршен орган на Академијата.

(2) Директорот има заменик.

(3) Директорот и заменикот на директорот ги избира Управниот одбор врз основа на јавен оглас кој се објавува во "Службен весник на Република Македонија", во најмалку два дневни весници од кои еден од весниците кои се издаваат е на македонски јазик и еден од весниците кои го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) Јавниот оглас за директор се објавува и во меѓународно јавно гласило.

(5) Управниот одбор е должен одлуката за распишување на јавен оглас за избор на директор и заменик на директор да ја донесе најмалку 60 дена пред истекот на мандатот на директорот, односно заменикот на директорот.

(6) Рокот за пријавување на јавниот оглас е 15 дена од денот на неговото објавување во "Службен весник на Република Македонија".

(7) За директор, односно заменик на директор се избира лице кое ги исполнува следните услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- има завршено високо образование со најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI А ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации;
- има најмалку десет години работно искуство од кои најмалку три години да се на раководна позиција;
- да има положено психолошки тест и тест на интегритет;
- поседува еден од следниве меѓународно признати сертикати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода.

(8) За директор и за заменик директор на Академијата може да биде избрано и лице странски државјанин кое ги исполнува следните услови:
- да стекнал високо образование на универзитет од првите 50 високо рангирани универзитети согласно со Шангајската листа или првите десет високо рангирани универзитети од областа на образовните науки согласно со QS University World Rankings.
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- да има положено психолошки тест и тест на интегритет,
- ако мајчиниот јазик не му е англиски јазик да поседува еден од следниве меѓународно признати сертикати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода.

(9) Лицето избрано за директор, односно заменик директор на Академијата документите од став (4) алинеи 5 и 6 и став (8) алинеи 3 и 4 ги доставува во рок од 30 дена од денот кога е известено дека е избран за директор, односно заменик директор на Академијата.

(10) Доколку на конкурс за избор на директор се пријави лице странски државјанин кое раководело со иста или слична институција со Академијата ќе има предност за избор, за што треба да достави соодветни докази.

(11) Начинот за именување и разрешување на директорот и заменикот на директорот се уредува со општите акти на Академијата.

(12) Согласност на одлуката на Управниот одбор за избор на директор и на заменик на директор на Академијата дава Владата.

(13) Заменикот на директорот го заменува директорот во случај кога тој е отсутен, или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција. Заменикот на директорот врши работи од надлежност на директорот што тој ќе му ги довери.

**Права и должности на директорот**

**Член 16**

Директорот ги има следниве права и должности:
- раководи со работењето на Академијата,
- ја застапува и ја претставува Академијата пред домашните и меѓународните институции,
- ги извршува одлуките на Управниот одбор,

- ја координира и организира работата на Академијата,
- се грижи за обезбедување на услови за секојдневно функционирање на Академијата,
- до Управниот одбор поднесува предлог-програма за работа на Академијата,
- до Управниот одбор поднесува годишен извештај за работата на Академијата,
- учествува во изготвувањето на сите програми за обука од надлежност на Академијата,
- учествува во работата на Управниот одбор,
- распишува јавен конкурс за предавачи на Академијата,
- предлага листа на предавачи,
- распишува јавен повик за пројавување на интерес за членови на Програмскиот совет од редот на наставниците на универзитетите од првите 50 високо рангирани универзитети согласно со Шангајската листа, првите десет високо рангирани универзитети од областа на образовните науки согласно со QS University World Rankings и од редот на наставниците од училишта од различни држави кои се меѓу првите десет високорангирани согласно Programme for International Student Assessment (PISA), по претходна согласност на управниот одбор,
- воспоставува и одржува соработка со сродни домашни и странски институции за унапредување на обуката,
- раководи со службата за стручно, административно-технички и помошни работи на Академијата,
- управува со финансиските средства и со имотот на Академијата,
- предлага изменување и дополнување на општите акти на Академијата,
- одговара за законитоста во работењето на Академијата и
- врши и други работи согласно со овој закон и општите акти на Академијата.

**Член 17**

Платата на директорот и заменикот на директорот на Академијата ги утврдува Владата на Република Македонија со посебен акт.

**Мандат на директорот и заменикот на директорот**

**Член 18**

(1) Директорот се именува за период од три години, а заменикот на директорот се именува за време од две години, со можност за уште еден мандат.

**Престанок на мандатот и разрешување на директорот и заменикот на директорот**

**Член 19**

(1) На директорот и на заменикот на директорот им престанува мандатот пред истекот на времето за кое се именувани:
- поради смрт,
- на негово барање,
- ако е утврдена трајна неспособност за работа и
- ако ги исполнува условите за пензионирање.

(2) Директорот и заменикот на директорот се разрешуваат пред истекот на мандатот за кој се именувани:
- поради нестручно и несовесно вршење на функцијата,

- ако со правосилна одлука му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност и
- ако со правосилна судска пресуда е осуден на казна затвор во траење над шест месеци.

(3) Против одлуката на Управниот одбор за разрешување на директорот, односно заменикот на директорот, директорот, односно заменикот на директорот има право на управен спор пред надлежен суд.

(4) До именувањето на нов директор Управниот одбор ќе определи вршител на должноста директор кој ги исполнува условите за директор на Академијата, но не подолго за период од шест месеци.

**Програмски совет**

**Член 20**

(1) Програмскиот совет е стручно тело на Академијата.

(2) Програмскиот совет е составен од девет члена и тоа: еден член од редот на наставниците во основните, односно средните училишта, еден член од Бирото за развој на образованието, еден член од Центарот за стручно образование и обука, еден наставник од редот на академската заедница, два члена од редот на наставниците на универзитетите од првите 50 високо рангирани универзитети согласно со Шангајската листа, два наставници од училишта од различни држави кои се меѓу првите десет рангирани согласно Programme for International Student Assessment (PISA) и еден член од првите десет високо рангирани универзитети од областа на образовните науки согласно QS University World Rankings и кој е на раководна позиција.

**Член 21**

(1) Членот од академската заедница го предлага Ректорската конференција на јавните универзитети од редот на наставниците по предметните области: педагогија, психологија или методика кои имаат од најмалку десет години работно искуство и објавено најмалку шест труда во меѓународни научни списанија или три труда во списание со импакт фактор во последните седум години.

(2) Членот од редот на наставниците во основните, односно средните училишта ги предлага Министерството од редот на наставниците кои се оценети со највисока оценка во последните две интегрални евалуации на училиштето во кое се вработени со најмалку работно искуство од десет години во струката и да не биде во збирниот извештај со резултати од спроведеното екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците на наставници кои се со најголеми отстапувања.

(3) Членот од Бирото за развој на образованието го предлага директорот на Бирото за развој на образованието.

(4) Членот од Центарот за стручно образование и обука го предлага директорот на Центарот за стручно образование и обука.

(5) Членовите на Програмскиот совет треба да ги исполнуваат и следните услови:
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- ако мајчиниот јазик не му е англиски јазик да поседува еден од следниве меѓународно признати сертикати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- да има најмалку десет години работно искуство.

(6) Лицето избрано за член на Програмскиот совет документите од став (5) алинеја 2 ги доставува во рок од 30 дена од денот кога е известено дека е избрано.

(7) Членот од редот на наставниците на универзитетите од првите 50 високо рангирани универзитети согласно со Шангајската листа и членот од првите десет високо рангирани универзитети од областа на образовните науки согласно QS University World Rankings треба да има објавено најмалку три труда во списание со импакт фактор во последните седум години,

(8) Членовите на Програмскиот совет треба да поседуваат високи стручни квалитети и углед во вршењето на дејноста и професијата, кои имаат потврдени резултати во работењето, на трудови, на написи и да имаат искуство во наставната или менторската работа поврзана со образованието.

(9) Членовите на Програмскиот совет се избираат за време од четири, односно пет години, со право на повторен избор, со тоа што членот од академската заедница, членот од Бирото за развој на образованието и еден член од првите десет високо рангирани универзитети од областа на образовните науки согласно QS University World Rankings се избираат на четири години, а останатите членови на Програмскиот совет од член 20 став 2 од овој закон се избираат на пет години.

(10) Членови на Програмскиот совет не можат да бидат членовите на Управниот одбор на Академијата, Комисијата за приемен испит и Комисијата за завршен испит.

(11) Доколку на јавниот повик за пријавување на интерес за избор на членови на Програмскиот совет од редот на наставници од училишта од различни држави кои се меѓу првите десет рангирани согласно Programme for International Student Assessment (PISA), од редот на наставниците на универзитетите од првите 50 високо рангирани универзитети согласно со Шангајската листа и од редот на наставници од првите десет високо рангирани универзитети од областа на образовните науки согласно QS University World Rankings и кој е на раководна позиција, нема пријавување на интерес, во тој случај Управниот одбор објавува повторен повик за пројавување на интерес. Доколку и на тој јавен повик нема пријавено соодветни кандидати, тогаш на местото на наставници од училишта од различни држави кои се меѓу првите десет рангирани согласно Programme for International Student Assessment (PISA) се избира наставник од основно и средно образование, а на местото на наставниците на универзитетите од првите 50 високо рангирани универзитети согласно со Шангајската листа и од редот на наставници од

првите десет високо рангирани универзитети од областа на образовните науки согласно QS University World Rankings и кој е на раководна позиција, се избира од редот на наставници од академската заедница кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон.

(12) Програмскиот совет има секретар кој е од редот на вработените и поседува еден од следниве меѓународно признати сертикати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода.

**Член 22**

(1) Програмскиот совет од неговите редови избира претседател и негов заменик.

(2) Изборот за Претседателот и неговиот заменик се врши по пат на тајно гласање.

(3) Согласност на одлуката за избор на претседател и заменик претседател на Програмскиот совет дава Владата.

(4) Мандатот на претседателот и неговиот заменик трае согласно член 21 став (9) од овој закон, со право на уште еден мандат.

**Член 23**

Програмскиот совет на Академијата:
- ја утврдува предлог-програмата за приемен испит,
- ја утврдува предлог-програмата за обука,
- ја утврдува предлог-програмата за завршен испит,
- ја утврдува предлог-програмата за практична обука на воспитно-образовната дејност и други специјализирани програми,
- ги обновува и ги развива програмите за обука, во согласност со годишната анализа на потребите за обука, извршената евалуација, предлозите и сугестиите на учесниците на обуките и предавачите, како и домашната и европската практика,
- дава насоки за унапредување на наставните методи и техники самостојно и во соработка со предавачите,
- дава мислење за листата на предавачи,
- дава совети, предлози и сугестии на органите на Академијата за подобрување на квалитетот на наставата и
- врши други работи во согласност со овој закон и општите акти на Академијата.

**Член 24**

(1) Академијата по предлог на Програмскиот совет, а врз основа на јавен конкурс, може да ангажира надворешни стручни лица за изготвување на: предлог-програма за приемен испит, предлог-програма за обука, предлог-програма за завршен испит, предлог-програма за специјализирана обука, како и други прашања од дејноста на Академијата.

(2) Правата и обврските на надворешните стручни лица се уредуваат со договор склучен меѓу нив и Академијата, согласно со општите акти на Академијата.

**Престанок на мандатот и разрешување на член на Програмскиот совет**

**Член 25**

(1) На член на Програмскиот совет му престанува мандатот:
- по негово барање,
- поради смрт,
- ако му престане функцијата или работниот однос во органот каде што ја извршувал функцијата или има засновано работен однос и
- ако е спречен да ја врши функцијата член на Програмскиот совет подолго од шест месеци поради болест или други оправдани причини.

(2) Престанокот на мандатот од став 1 алинеја 3 на овој член не се однесува на членовите од редот на: наставниците на универзитетите од првите 50 високо рангирани универзитети согласно со Шангајската листа, наставниците од училишта од различни држави кои се меѓу првите десет рангирани согласно Programme for International Student Assessment (PISA) и членот од првите десет високо рангирани универзитети од областа на образовните науки согласно QS University World Rankings.

(3) Член на Програмскиот совет се разрешува поради:
- нестручно и несовесно вршење на функцијата во Програмскиот совет,
- ако три пати по ред неоправдано не присуствува во седниците на Програмскиот совет
- ако со правосилна одлука му е изречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност и
- ако со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор во траење над шест месеци.

(4) Во случаите од ставот (1) или (3) на овој член органот кој го номинирал членот кој е разрешен или чиј мандат престанал номинира нов член најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за разрешување, односно престанок на мандатот.

(5) Мандатот на ново назначениот член на Програмскиот совет трае до истекот на мандатот за кој членовите на Програмскиот совет се назначени.

**Надоместок на трошоци на членовите на Програмскиот совет**

**Член 26**

(1) Членовите на Програмскиот совет имаат право на личен надомест и други трошоци.

(2) Видот и висината на трошоците, како и висината на личниот надомест ги утврдува Академијата со посебен акт, по претходна согласност од Владата.

**Начин на работа на Програмскиот совет**

**Член 27**

(1) Седниците на Програмскиот совет ги свикува и со нив раководи претседателот на Програмскиот совет.

(2) На седниците на Програмскиот совет може да присуствуваат предавачите и други лица кои со своите стручни, професионални знаења и искуства можат да дадат придонес за подобрување на наставата во Академијата.

(3) Членовите од редот на наставниците на универзитетите од првите 50 високо рангирани универзитети согласно со Шангајската листа, наставниците од училишта од различни држави кои се меѓу првите десет рангирани согласно Programme for International Student Assessment (PISA) и од редот на првите десет високо рангирани универзитети од областа на образовните науки согласно QS University World Rankings и кој е на раководна позиција задолжително присуствуваат лично на најмалку две седници во текот на годината, а на останатите седници може да учествуваат во работата и преку видеоконференциска врска, која гарантира идентификација и дозволува учество во дискусијата и донесувањето на одлуката. Гласот на овој член се потврдува во записник од страна на присутните членови на Програмскиот совет.

**Член 28**

(1) Седниците се закажуваат најрано 15 дена пред денот на одржувањето, а материјалите за седницата се доставуваат до членовите на Програмскиот совет најдоцна пет работни дена пред одржувањето на седницата.

(2) Седница на Програмскиот совет може да се свика и по барање на директорот.

(3) Програмскиот совет одржува седница ако се присутни лично или преку видеоконференциска врска повеќе од половината од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(4) За секоја седница секретарот на Програмскиот совет води записник.

(5) Својата работа Програмскиот совет поблиску ја уредува со деловник за работа.

## III. ПРЕДАВАЧИ

**Предавачи на Академијата**

**Член 29**

(1) Предавачите се стручни лица кои учествуваат во реализацијата на теоретскиот и практичната обукаво Академијата.

(2) Начинот на изготвувањето, бројот, мандатот и составот на предлог-листата на предавачите, надоместоците, како и поблиските критериуми за евалуација на учесниците на обуката, се уредува со општите акти на Академијата, согласно со начелата на јавност, стручност и еднаков пристап.

(3) Правата и обврските на предавачите од ставот (1) на овој член се уредуваат со договор склучен меѓу нив и Академијата, согласно со општите акти на Академијата.

(4) Предавачи на Академијата можат да бидат домашни и странски наставници, и универзитетски професори од соодветната област, кои се ангажираат во програмите за обука на Академијата.

(5) Предавачи на Академијата од ставот (4) на овој член од редот на домашните наставници, може да бидат лица кои имаат звање наставник-советник и наставник-ментор.

(6) Во програмите за обука се определува и нормативот за лицата кои може да бидат предавачи.

(7) Академијата, за предавачите кои реализираат предавања на друг јазик од јазикот кои го употребуваат учесниците на Академијата, обезбедува превод.

(8) Предавањата на Академијата се изведуваат на јазиците на кои се изведува наставата во основните и средните училишта во Република Македонија.

**Член 30**

Како предавачи во обуката не можат да бидат избрани членовите на Управниот одбор, членовите на Комисијата за приемен испит, како и членовите на Комисијата за завршен испит и нивните заменици.

**Член 31**

Практичната обука ја реализираат вработени наставници со стекнато звање наставник-советник и наставник-ментор.

**IV. СЛУЖБА ЗА АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ НА АКАДЕМИЈАТА**

**Член 32**

(1) Вработените во Академијата имаат статус на административни службеници.

(2) Стручните, нормативно-правните, управните, управно-надзорните, материјално финансиските, сметководствените, информациските и другите работи во Академијата ги врши стручна служба, чија внатрешна организација, делокруг на работа и услови за вработување поблиску се уредуваат со актите за внатрешна организација и систематизација на работите и задачите, согласно со Закон за административните службеници.

(3) За вработените од став (1) на овој член се утврдуваат следниве нивоа на работни места:
- категорија В - стручни
- ниво В1 советник за нормативно правни работи (секретар) и
- категорија Г - помошно - стручни

- ниво Г1 самостоен референт (технички секретар кој врши благајнички и други слични работи, благајник кој врши и административни и слични работи) и
- ниво Г2 виш референт (благајник, технички секретар и други).

## V. ФИНАНСИРАЊЕ И СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА АКАДЕМИЈАТА

### Извори на финансирање

**Член 33**

(1) Средствата за работа на Академијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(2) Други извори на финансирање се:
- уплата за упис во Академијата,
- донации и подароци и
- самостојни приходи и приходи преку издавање на публикации, реализација на обуки за други целни групи кои се поврзани со областа на образованието, реализација на проекти, грантови, кои не се во спротивност со дејноста на Академијата.

**Член 34**

Буџетските средства од членот 33 став (1) на овој закон се обезбедуваат во висина за да го покријат организирањето и спроведувањето на приемниот и завршниот испит, обуката согласно со овој закон, како и за платите на вработените во Академијата.

### Простории и опрема

**Член 35**

(1) Владата на Република Македонија ги обезбедува просториите и опремата за вршење на дејноста на Академијата.

(2) Академијата може да обезбеди средства за опрема и простории и со донации и грантови согласно закон.

## VI. ПРОГРАМА ЗА ОБУКА

### Поим и цел

**Член 36**

(1) Програмата за обука претставува организирано стекнување и усовршување на практичните и теоретските знаења и вештини потребни за независно, самостојно, стручно и ефикасно вршење на работата.

(2) Академијата организира обука за наставници за добивање на лиценца за наставник.

(3) Програмата за обука се организира заради стекнување практични и теоретски знаења и вештини, со цел за создавање на високообучени, стручни и ефикасни наставници во основните и средните училишта, за стекнување на професионални компетенции за изведување настава во основно и средно училиште како и заради унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа во интерес на граѓаните на Република Македонија.

**Квоти за упис во Програмата за обука**

**Член 37**

Квотите за упис во програмата за обука, земајќи го предвид вкупниот број на слободни места за наставници во основните и средните училишта, ги одобрува Владата, согласно проекцијата за потребите од работни места по општини и јазици на кои се изведува наставата, а кои се пополнуваат по завршување на обуката, за наредните пет години што ја донесува Министерството.

**Начела на приемот во обука**

**Член 38**

(1) Приемот во програмата за обука е достапен за секој кој ги исполнува условите за прием утврдени со овој закон, општите акти на Академијата и кој успешно ќе го положи приемниот испит.

(2) Постапката за организација и полагање на приемниот испит се заснова на начелото на јавност на правилата, методите и начинот на спроведувањето, оценувањето и објавувањето на резултатите, како и работењето на Комисијата за прием во обуката, засновани на објективни и јавно објавени критериуми кои обезбедуваат независност, објективност, како и слободен пристап до програмата за приемен испит.

(3) Приемниот испит за упис во програмата за обука се организира најдоцна до 30 септември во годината.

(4) Доколку на приемниот испит за упис од став (3) на овој член не се пополни квотата на запишани учесници по општини, Академијата може да објави и дополнителни приемни испити и по 30 септември, по претходна согласност од Владата.

(5) Вработени наставници во основните и средните училишта може да конкурираат за прием во програмата за обука при што полагаат приемен испит.

**Основни цели и принципи на приемниот испит**

**Член 39**

(1) Полагањето на приемниот испит се врши во писмена форма, анонимно, и со усмен дел, а има за цел по пат на проверка на знаењата на пријавените кандидати за да ги селектира кандидатите по квалитет, определен како минимум знаење за посетување на програмата за обука.

(2) Тестот на интегритет има за цел проверка на етичките и моралните вредности на кандидатот за вршење на работите на наставник.

(3) Процената на карактеристики на лицето за подобност со работа со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност (во натамошниот текст: тест на личноста) се заснова врз постојните етички и професионални кодекси за вршење на работите на наставник и се состои од тест кој се спроведува во писмена форма и анонимно, врз основа на стандардно утврдена листа на прашања.

(4) Кандидатот кој нема да ги положи тестовите од ставовите (2) и (3) на овој член, нема право да го продолжи приемниот испит.

(5) Тестовите од ставовите (2) и (3) на овој член се со важност две години.

(6) Приемниот испит има за цел проверка на севкупните знаења и способности на кандидатите за прием и посетување на програмата за обука, а се состои од:
- усниот дел кој подразбира проверка на знаењата на кандидатот и можноста за изразување, елоквенција и разбирање на значењето на работата на наставник преку давање на одговори на прашања од работата на наставник и прашања од општа култура и
- писмен дел кои се состои од решавање на прашања по електронски пат преку кој се проверува теоретското знаење и способноста за примена на стекнатото знаење во практиката, логичното и аналитичкото мислење, изразувањето и писмената комуникација, кои ги стекнал кандидатот.

(7) Кандидатот кој нема да го положи усниот испит нема право да го полага писмениот дел од испитот.

(8) Академијата е должна при спроведување на приемниот испит, а особено при спроведување на тестот на интегритет и тестот на личноста да се грижи за заштита на личните податоци, угледот и достоинството на кандидатите, согласно со закон.

(9) Трошоците за полагање на тестовите од ставовите 2 и 3 на овој член ги сноси кандидатот.

(10) Кандидатот кој не е примен, има право во рок од три дена од денот на добивањето на известувањето, да приговара до Управниот одбор на Академијата, кој во рок од пет дена одлучува по приговорот.

**Јавен оглас за прием во програмата за обука**

**Член 40**

(1) Управниот одбор на Академијата донесува одлука за објавување на јавен оглас за полагање на приемниот испит за следење на програмата за обука во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката од членот 37 од овој закон во Академијата.

(2) Управниот одбор на Академијата донесува одлука за објавување на јавен оглас за полагање на приемниот испит за следење на програмата за обука на вработени

наставници во основните и средните училишта за полагање на приемниот испит најмалку три пати во годината.

(3) Јавниот оглас се објавува во најмалку два дневни весници од кој еден од весниците кои се издаваат е на македонски јазик и еден од весниците кои се издаваат на јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) Рокот за пријавување на лицата на јавниот оглас е 15 дена, сметано од денот на неговото објавување.

**Приемен испит**

**Член 41**

(1) Услови за прием во обуката на кандидатите се:
- завршени високообразовани студии од прв, односно втор циклус на студии од наставнички и други факултети, со стекнати најмалку 240 кредити и
- најмалку постигнат просечен успех од студиите од 7.00 за кандидатите кои завршиле студии од областа на природно-математичките, техничките и медицинските науки и најмалку постигнат просечен успех од 8.00 за кандидатите кои завршиле студии од областа општествените и хуманистичките науки.

(2) За кандидатите вработени наставници во основните и средните училишта кои конкурираат за прием во обуката услов за прием е завршено најмалку високо образование.

(3) Кандидатите од ставовите (1) и (2) на овој член треба да ги исполнуваат и условите согласно нормативот за наставен кадар во основното образование, односно нормативот за наставен кадар во средното образование.

(4) Директорот на Академијата, од редот на вработените во Академијата определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатите ги исполнуваат условите за полагање на приемниот, односно завршниот испит.

(5) На одговорното лице од ставот (4) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Академијата донесува решение.

**Член 42**

(1) Пред полагањето на приемниот испит кандидатот треба да ги има положено тестовите од член 39 ставови 2 и 3 од овој закон.

(2) Приемниот испит и испитните материјали се водат во јазикот и писмото на кој се изведува наставата во основните и средните училишта во Република Македонија.

(3) Писмениот дел од приемниот треба да содржи прашања од мајчиниот јазик, прашања од соодветната стручната област, познавање на англиски јазик и од областа на претприемништвото, иновациите и бизнисот.

(4) Се смета писмениот делот од испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 80% од вкупниот број предвидени поени од секој дел од писмениот дел од испитот.

(5) Кандидатот го полага писмениот дел само ако претходно го положил усниот дел од приемниот испит.

(6) Базите на прашања за писмениот делот од испитот ги изготвуваат стручни лица од редот на наставниците во основните и средните училишта и високообразовните установи, кои имаат најмалку седум години работно искуство во соодветната област, определени од министерот.

(7) За секој дел од писмениот дел од приемниот испит од став (3) на овој член Академијата јавно објавува база на прашања, која се состои од прашања од јазикот на кој ќе ја изведува наставата, од прашања од соодветната стручната област, од познавање на англиски јазик и од областа на претприемништвото, иновациите и бизнисот.

(8) Стручните лица од ставот (6) на овој член вршат и ревизија и ажурирање на базите на прашања од ставот (7) на овој член најмалку два пати годишно и врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања одлучуваат најмалку 30% од прашањата да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови.

(9) Приемниот испит на Академијата се полага истовремено во просторија за полагање на испит, посебно опремена со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(10) Академијата е должна да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.

(11) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(12) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(13) АЕК формира трichлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува Министерството за образование и наука, најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија.

(14) Кандидатите кои ги исполнуваат условите за полагање на приемниот испит и јавноста се известуваат за времето и местото на полагање на испитот најдоцна осум дена пред

денот определен за полагање на испитот, преку веб страницата на Академијата и Јавниот радиодифузен сервис.

(15) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Академијата, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Академијата.

(16) Во просторијата за полагање на испитот, за време на полагање на испитот покрај лица определени од Академијата, присутни се и двајца претставници од Министерството, од кои еден е информатичар.

(17) На претставниците од ставот (16) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечна нето плата во Република Македонија, за што Академијата донесува решение.

(18) На кандидатот за време на полагањето на испитот не му се дозволува користење на мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(19) На кандидатот за време на полагањето на испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со администраторот, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(20) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(21) Доколку кандидатот при полагањето на приемниот испит постапува спротивно од ставовите (18) и (19) на овој член, нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во таа испитна сесија и му се изрекува забрана за полагање на испит во траење од три години, за што Академијата донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(22) Во случаите од ставот (21) на овој член, се смета дека кандидатот не го положил испитот и истото се констатира во записникот за полагање на испитот.

(23) Лицата определени од Академијата и претставниците од Министерството од ставот (16) на овој член, за време на полагањето на испитот, не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

(24) Поблиските критериуми за условите, начинот и постапката за изведување на приемниот испит и испитните материјали се регулираат со посебен акт, кој го донесува Академијата, по претходно мислење од Министерството.

**Комисија за приемен испит**

**Член 43**

(1) Комисијата за приемен испит се состои од претседател и четири члена од редот на вработените во Академијата.

(2) Претседателот и членовите на Комисијата за приемен испит имаат свои заменици.

(3) Комисијата за приемен испит има мандат од две години, без право на повторен мандат.

**Право на стипендија**

**Член 44**

(1) Со стекнување на статусот на кандидат за обука во Академијата, учесникот се стекнува со право на месечна стипендија на определено време за периодот на спроведување на обуката.

(2) Висината на стипендијата од став 1 на овој член изнесува 100% од просечната месечна нето плата во Република Македонија.

(3) Академијата со учесникот на кого му доделува стипендија од став (2) на овој член склучува договор за доделување на стипендија.

(4) Со договорот за доделување на стипендија се уредуваат меѓусебните права, обврски и одговорности на Академијата и учесникот, а особено дека учесникот по стекнувањето со лиценца за наставник и по вработувањето во училиште има обврска најмалку пет години да е во работен однос во училиштето.

(5) Доколку учесникот во текот на обука се откаже, не го положил завршниот испит или ја прекине обуката е должен да ја врати стипендијата која ја примил додека бил учесник на обуката на Академијата.

(6) Ако учесникот, по завршувањето на обуката во Академијата одбие да се вработи како наставник, во тој случај ја враќа стипендијата во двојно поголем износ од износот на стипендијата која ја примал за времето додека бил учесник на обуката на Академијата.

(7) Учесникот на обуката нема да ги надомести трошоците од ставот (5) на овој член доколку се откажал, ја прекинал обуката од здравствени причини кои што оневозможуваат посетување на обуката подолго од еден месец што се докажува со лекарско уверение.

(8) Учесникот на обуката нема да ги надомести трошоците од ставот (6) на овој член доколку на свое барање го прекине работниот однос во училиштето од здравствени причини кои што оневозможуваат работа подолго од шест месеци во училиштето што се докажува со лекарско уверение.

(9) Ако учесникот на обуката по завршувањето на обуката и вработувањето како наставник на свое барање го прекине работниот однос во училиштето, за барањето за прекин на работниот однос треба да го извести основачот на училиштето и до

Министерството, најдоцна една година пред да го прекине работниот однос. Ако учесникот на обуката е вработен во приватно средно училиште, известувањето го поднесува до Министерството.

(10) Право на стипендија немаат учесниците во обуката на Академијата кои се вработени наставници во основните, односно средните училишта.

**Содржина и времетраење на обуката**

**Член 45**

(1) Програмата за обука се состои од теоретска настава и практична обука.

(2) Времетраењето на обука се разликува во зависност од видот на високообразовната квалификација со која се стекнале учесниците во обуката.

(3) При реализацијата на теоретската настава предавачите задолжително користат и стручна литература која се користи на првите десет рангирани универзитети на Шангајската листа, а која Министерството ја печати и доставува до високообразовните установи.

(4) Основното, односно средното училиште во кој кандидатот ќе ја посетува практичната обука се одредува регионално, според подрачјето во кое кандидатот има живеалиште, односно престојувалиште.

(5) Училиштето во кое ќе се изведе практичната обука треба да има вработено лице со звање наставник-ментор или наставник-советник.

(6) Времетраењето на програмата за обука се определува на следниот начин:
- кај учесниците со завршени студии на наставнички факултет, програмата за обука трае вкупно осум месеци и тоа три месеци теоретска настава и пет месеци практична обука.
- кај учесниците со завршени студии на ненаставна насока на наставнички студии, односно на студии кои немаат наставна насока, програмата за обука трае вкупно 12 месеци и тоа четири месеци теоретска настава и осум месеци практична обука,
- кај учесниците вработени наставници во основните, односно средните училишта, програмата за обука трае шест месеци и тоа три месеци теоретска настава и три месеци практична обука. Теоретската настава може да се реализира и во текот на месеците јуни, јули и август.

**Член 46**

(1) Училиштата во кои ќе се реализира практичниот дел од обуката ги определува министерот, од редот на училиштата во општината, односно соседната општина.

(2) Учесниците од редот на вработени наставници во основните, односно средните училишта практичниот дел од обуката го реализираат во училиштата во кое се вработени.

**Општи цели на теоретската и практичната обука во Академијата**

**Член 47**

(1) Целта на теоретската настава во Академијата е кај учесниците да развие пошироки знаења од областа на педагошките науки, како и современите методи на работа.

(2) Целта на практичната обука е да ги оспособи учесниците да ја планираат и реализираат воспитно-образовна работа во училиште.

(3) Целите на теоретската и практичната обука во Академијата се остваруваат согласно со програмата за обука.

**Член 48**

(1) Практичната обука учесниците ја реализираат во училиште под менторство на наставник-ментор или наставник-советник.

(2) На учесникот на обуката наставникот-ментор, односно наставникот-советник од ставот (1) на овој член му го определува Академијата, врз основа на добиена листа на наставници-ментори, односно наставници-советници вработени во училиштата во кои учесникот ја реализира практичната настава.

(3) Еден наставник-ментор, односно наставник-советник може да менторира најмногу до пет учесници во обуката.

(4) На наставникот-ментор, односно наставник-советник од став (1) на овој член му следи надоместок за менторирање, чија висина се определува врз основа на бројот на учесници кој ги менторира.

(5) Висината на надоместокот од став (4) на овој член ја определува и исплаќа Академијата, по претходна согласност од Владата.

(6) Ако учесникот е незадоволен од менторството, најдоцна до истекот на првата половина од обуката, има право да поднесе образложено барање до Управниот одбор на Академијата да му се определи друг ментор.

(7) Управниот одбор, доколку го уважи барањето на учесникот му определува нов ментор до крајот на обуката.

(8) За време на практичната обука учесниците изработуваат студија на случај или акциско истражување поврзано со педагошко-образовни прашања со кои се сретнале за време на практичната обука.

(9) Практичната обука учесниците ја реализираат во најмалку две училишта со различни услови за работа.

(10) Учесниците за својата работа за време на практичната обука водат портфолио.

(11) Начинот на изведување на практичната обука, времетраењето на практичната обука, поединечните задачи на вклучените страни, начинот на водењето на портфолиото, како и

начинот на контрола на реализацијата на практичната обука го пропишува министерот, на предлог на Академијата.

## VII. ЗАВРШЕН ИСПИТ

### Завршен испит

**Член 49**

(1) По спроведената обука, а по позитивно мислење од менторот, кандидатот се пријавува за полагање на завршен испит (во натамошниот текст: испит), со поднесување на пријава до Академијата.

**Член 50**

(1) Испитот се полага пред испитни комисии за завршен испит, формирани од директорот на Академијата.

(2) Испитната комисија од ставот (1) на овој член се состои од претседател и четири членови. Претседателот на Испитната комисија е од редот на вработените во Академијата кој го определува директорот, еден член од Бирото за развој на образованието кој го определува директорот или еден член од Центарот за стручно образование и обука кој го определува директорот, еден член од Државниот просветен инспекторат кој го определува директорот и член од Министерство за образование и наука, кој го определува министерот.

(3) Претседателот и членовите на комисијата имаат свои заменици.

(4) Испитната комисија има мандат од две години.

(5) Претседателот и членовите на комисијата и нивните заменици имаат право на паричен надомест чија висина со посебен акт ја утврдува Управниот одбор на Академијата, врз основа на бројот на кандидати кои полагаат завршен испит.

**Член 51**

(1) Испитот се состои од два дела и тоа: теоретски и практичен дел.

(2) Теоретскиот дел од испитот се полага во Академијата во просторија за полагање на испит, посебно опремена со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(3) Академијата е должна да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.

(4) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(5) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(6) АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за образование и наука, најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија.

(7) Кандидатите кои ги исполнуваат условите за полагање на завршниот испит и јавноста се известуваат за времето и местото на полагање на испитот најдоцна осум дена пред денот определен за полагање на испитот, преку веб страницата на Академијата и Јавниот радиодифузен центар.

(8) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Академијата, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Академијата.

(9) На денот на полагањето на теоретскиот дел од испитот, член на Испитната комисија му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем.

(10) По одобувањето на пристапот, кандидатот добива електронски тест за теоретскиот дел од испитот, компјутерски генериран, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од став (9) на овој член.

(11) Студијата на случај кандидатот ја добива од електронскиот систем, компјутерски генерирана, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од листата на теми.

(12) Теоретскиот дел од испитот содржи и упатство за начинот на решавање на истиот, за кое претставник на Испитната комисија дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

(13) Електронскиот систем за полагање на испитот содржи база од најмалку 100 прашања и 100 теми за студии на случаи.

(14) Академијата врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања и студии на случај од ставот (13) на овој член најмалку два пати годишно и врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања и студии на случај одлучува најмалку 30% од прашањата и студиите на случај да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови.

(15) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за теоретскиот дел од испитот во една сесија за повеќе од еден кандидат.

(16) Практичниот дел од испитот се одржува во училиште и се состои одржување на наставен час и презентација на студија на случај.

**Член 52**

(1) Испитот може да трае најмногу 120 минути и тоа 60 минути за теоретскиот дел и 60 минути за практичниот дел од испитот. Практичниот дел од испитот се полага најдоцна 30 дена од денот на полагањето на теоретскиот дел од испитот.

(2) Ако во текот на полагањето на испитот за наставник настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, повреда, влошена здравствена состојба, смрт на член на потесното семејство) за што кандидатот доставува содветна лекарска потврда, односно друга документација, како и во вонредни случаи на елементарна или друга непогода, ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

(3) Решение за продолжување на испитот донесува директорот на Академијата по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.

(4) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот (3) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

(5) Против решението на Академијата од ставот (3) на овој член кандидатот може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(6) Во продолжувањето на испитот, кандидатот за кој е донесено решение од став (3) на овој член, не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има положено.

(7) На кандидатот за време на полагањето на теоретскиот дел од испитот не му се дозволува користење на мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(8) На кандидатот за време на полагањето на теоретскиот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други учесници или лица освен со администраторот, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(9) Ако техничките проблеми со компјутерот бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(10) Ако има проблеми со повеќе од пет компјутери и тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите учесници што го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(11) Доколку кандидатот при полагањето на завршниот испит постапува спротивно од ставовите (7) и (8) на овој член, нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во таа испитна сесија и му се изрекува забрана за полагање на испит во траење од три години, за што Академијата донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(12) Во случаите од ставот (11) на овој член, се смета дека кандидатот не го положил испитот и истото се констатира во записникот за полагање на испитот.

(13) Начинот и постапката за организирање и реализација на завршниот испит ги утврдува министерот, по предлог на Академијата.

## VIII. ЛИЦЕНЦА ЗА НАСТАВНИК

### Член 53

(1) На кандидатот кој го положил испитот му се издава лиценца за наставник (во понатамошниот текст: лиценца) потпишана од министерот и од директорот на Академијата, во рок од најмногу петнаесет дена од денот на завршување на испитот.

(2) Лиценцата може да биде потпишана и од страна на заменик на директорот на Академијата, по претходно овластување од директорот на Академијата.

(3) Лиценцата се издава за времетраење од пет години.

(4) На кандидатот кој се стекнал со лиценца за наставник при вработувањето во училиште му се исплаќа плата за наставник зголемена за 3000, 00 денари месечно (додаток за лиценца).

(5) Наставниците кои се стекнале со лиценца за наставник имаат обврска за обновување на лиценцата.

(6) Лиценцата која се обновува по трети пат станува трајна.

(7) При обновување на лиценцата кандидатите полагат тест на интегритет и тест на личноста.

(8) Лиценцата се обновува со приложување на докази за реализиран план за професионален развој за периодот за којшто ја обновува лиценцата согласно определениот број на часови за обука утврден со Законот за наставници.

(9) Формата и содржината на лиценцата ја пропишува министерот, на предлог на Академијата.

### Член 54

(1) На наставник кој посетувал обука на Академијата и се стекнал со лиценца му се обезбедува вработување во училиште.

(2) Ако наставникот од став (1) на овој член во рок од три години од денот на стекнувањето со лиценца за наставник не се вработи во училиште, му се исплаќа месечен надоместок во висина од 80% од просечна месечна плата исплатена во Република Македонија.

(3) Ако наставникот од став (2) на овој член одбие да се вработи во училиште, престанува да му се исплаќа месецниот надоместок од став (2) на овој член.

**Член 55**

(1) Наставник - странски државјанин може да се стекне со лиценца за работа, ако покрај општите услови утврдени со прописите од областа на движење, престој и вработување на странци ги исполни и условите утврдени со Законот за наставници во основно и средно образование за државјаните на Република Македонија кои образованието го завршиле во странство и ако успешно ја поминал проверката на стручните знаења и способности согласно со Програмата за проверка на стручните знаења и способности од став (3) на овој член. Проверка на стручните знаења и способности е на јазикот на кој ја реализира воспитно-образовната работа во Република Македонија.

(2) Програмата за проверка на стручните знаења и способности на наставниците-странски државјани, составот на испитната комисија и начинот на спроведувањето на проверката ги утврдува Академијата со акт, на кој министерот за образование и наука дава согласност.

(3) Проверката од ставот (1) на овој член ја врши Академијата.

(4) Наставникот од ставот (1) на овој член познавањето на јазикот го докажува со потврда од овластена образовна установа за успешно положен тест за знаење на јазикот на кој ја реализира воспитно-образовната работа во Република Македонија.

**Член 56**

Академијата со решение ја одзема лиценцата на лицето кое во моментот работи како наставник ако:
- се утврдат нерегуларности во полагањето на испитот,
- му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, со денот на правосилноста на судската пресуда и
- ако е донесена правосилна пресуда за кривични дела сторени во врска со вршење на професијата со која му е изречена безусловна казна затвор над шест месеци.

**Член 57**

(1) За одземање на лиценцата предлог дава Комисија за ревизија и за одземање на лиценца за наставник.

(2) Комисијата од став (1) од овој член ја формира директорот на Академијата.

(3) Комисијата од став (1) на овој член е составена од: двајца претставници од вработените во Министерството, определени од министерот, двајца членови од редот на вработените во Академијата, определени од директорот, еден претставник од Владата на Република Македонија.

(4) Комисијата од ставот (1) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале

кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на приемниот и завршниот испит, за што доставува извештај до министерот за образование и наука.

(5) На членовите на комисијата од ставот (1) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Академијата донесува решение.

(6) Доколку Комисија од став (1) на овој член утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот, предлага одземање на лиценцата на наставник.

**Член 58**

(1) Комисијата за ревизија и за одземање на лиценца до директорот на Академијата доставува предлог за одземање на лиценцата за наставник.

(2) Директорот на Академијата донесува решение за одземање на лиценцата за наставник, врз основа на писмен предлог на Комисијата од став (1) на овој член, во рок од седум дена од приемот на предлогот.

(3) Ако директорот на Академијата не донесе решение за одземање на лиценцата во рокот утврден во став (2) на овој член, решение за одземање на лиценцата донесува министерот.

(4) Против решението за одземање на лиценцата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

(5) По конечноста на решението за одземање на лиценцата решението се доставува до Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат и единицата на локалната самоуправа на чие подрачје е училиштето во кое е вработен наставникот чија лиценца се одзема.

(6) Одземањето на лиценцата се забележува во Регистарот.

(7) На наставник на кој му е одземена лиценцата му престанува работниот однос.

## IX. СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОБУКИ

**Член 59**

(1) Програмскиот совет ќе донесе специјализирана програма за обука за стекнување со лиценца за наставниците кои во денот на отпочнувањето на примената на овој закон се во работен однос во училиште.

(2) Начинот за организирање и спроведување на специјализираната обука за стекнување со лиценца за наставниците кои се во работен однос го пропишува министерот, по предлог на Академијата, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука.

(3) Наставниците од став (1) на овој член може да се стекнат со лиценца за наставник под услови и на начин утврден со овој закон.

(4) На наставниците од став (3) на овој член кои се стекнале со лиценца за наставник им се зголемува платата за 3000, 00 денари месечно (додаток за лиценца).

(5) На наставниците од став (4) на овој член кои нема да ја обноват лиценцата им престанува исплатата на додатокот за лиценца, но не им престанува работниот однос во училиштето во кое се вработени, освен ако се во работен однос на определено време.

## X. РЕГИСТАР НА ЛИЦЕНЦИРАНИ НАСТАВНИЦИ

### Содржина на Регистарот на лиценцирани наставници

### Член 60

(1) Регистарот на наставници со лиценца (во понатамошниот текст: Регистарот) го води Академијата.

(2) Академијата ја води и одржува базата на податоци на сите наставници со лиценца кои имаат право да работат во основните и средните училишта во Република Македонија.

(3) Регистарот се води во електронска форма.

(4) Регистарот е јавен документ и се објавува на веб-страната на Академијата.

(5) Регистарот се води под условите утврдени со овој закон и општите акти на Академијата.

### Член 61

(1) Лицата кои се стекнале со лиценца, односно лицата кои ја обновуваат лиценцата, поднесуваат писмено барање до Академијата за нивно запишување во Регистарот.

(2) Академијата ги утврдува потребните документи за запишување во Регистрот.

(3) Лицата кои ги исполнуваат условите за запишување во Регистарот, по нивното прво запишување добиваат идентификационен број на наставник.

(4) Податоците на запишаните наставници со лиценца се предмет на постојано ажурирање од Академијата.

(5) За ажурирање на податоците во Регистарот, лиценцираните наставници поднесуваат барање во пропишан образец заедно со целокупната документација заверена кај нотар.

(6) Надлежните органи и институции за водење на евиденција за изречени забрани за вршење професија, дејност или должност, односно за донесени правосилни пресуди за кривични дела сторени во врска со вршење на професијата со кои е изречена безусловна

казна затвор над шест месеци, задолжително за истите ја известуваат Академијата во рок од 15 дена од денот на внесувањето на податокот во соодветната евиденција .

(7) При водењето на Регистарот соодветно се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

**Податоци на Регистарот**

**Член 62**

(1) Регистарот особено ги содржи следните податоци:
- име и презиме на наставникот,
- единствен матичен број на наставникот,
- идентификационен број на лиценциран наставник,
- адреса на живеење и датум на раѓање,
- датум на стекнување со лиценца,
- работен стаж,
- обуки,
- изречени прекршочни санкции поврзани со дејноста на образованието,
- правосилни судски мерки за привремена или доживотна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- правосилни пресуди за кривични дела сторени во врска со вршење на професијата со кои е изречена безусловна казна затвор над шест месеци и
- одземање на лиценцата.

(2) Министерството има право на увид во податоците на Регистарот.

**Надзор**

**Член 63**

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерството.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот просветен инспекторат.

**X-a. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ**

**Член 63-а**

(1) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на Академијата, доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот согласно со членот 42 став (10) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на Академијата, доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Академијата и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Академијата согласно со членот 42 став (15) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на Академијата, доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Академијата и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Академијата согласно со членот 51 став (8) од овој закон.

(4) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на Академијата, доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот согласно со членот 51 став (3) од овој закон.

(5) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставовите (2) и (3) на овој член на одговорното лице во правното лице.

(6) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра денарска противвредност ќе се казни лицето од членот 41 став (4) од овој закон кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.

(7) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на лицата од членот 42 став (16) од овој закон ако постапуваат спротивно на членот 42 ставови (18) и (19) од овој закон.

(8) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на кандидатот кој постапува спротивно на членот 42 ставови (18) и (19) од овој закон.

(9) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на кандидатот кој постапува спротивно на членот 52 ставови (7) и (8) од овој закон.

(10) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на комисијата од членот 57 став (1) од овој закон, доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот и не достават предлог за одземање на лиценцата согласно со членот 57 став 6 од овој закон.

(11) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на Државниот испитен центар ако не донесе решение за одземање на лиценца во рокот утврден во членот 58 став (2) од овој закон.

**Член 63-б**

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

**Член 63-в**

За прекршоците утврдени во членот 63-а од овој закон, државниот просветен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоци.

Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.

Во записникот од ставот (2) на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог ги потпишува одговорното лице во правното лице или од него овластено лице.

Државниот просветен инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот (5) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Министерот за образование и наука ги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

**Член 63-г**

За прекршоците предвидени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 64**

(1) Членовите на Управниот одбор на Академијата ќе бидат именувани најдоцна шест месеци пред започнувањето со примената на овој закон.

(2) Академијата ќе започне со работа со денот на именувањето на членовите на Управниот одбор.

(3) Управниот одбор, до изборот на директор на Академијата, именува вршител на должноста директор во рок од еден месец од денот на неговото конституирање.

(4) Управниот одбор го конституира Програмскиот совет во рок од шест месеци од денот на неговото конституирање.

(5) Управниот одбор во рок од 60 дена од денот на неговото конституирање ќе ги донесе актите за организација и систематизација на работните места во Академијата.

**Член 65**

До добивање на звања наставник ментор и наставник советник, за предавачи на Академијата од член 29 став (5) од овој закон кои се од редот на домашните наставници со звање наставник-советник и наставник-ментор, како и за наставници со стекнато звање наставник-советник и наставник-ментор кои ја реализираат практичната обука согласно член 31 од овој закон, Академијата назначува наставници кои се од редот на наставниците со најдобри постигнати резултати од интегралната евалуација во последните три години и доколку не се во збирниот извештај со резултати од спроведеното екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците на наставници кои се со најголеми отстапувања.

**Член 66**

Најмалку постигнатиот просечен успех за кандидатите кои завршиле студии од областа општествените и хуманистичките науки од член 41 став 1 алинеја 2 од овој закон ќе изнесува 7.00 до 2025 година.

**Член 67**

Подзаконските акти предвидени во овој закон ќе се донесат најдоцна шест месеци пред започнувањето со примената на овој закон.

**Член 68**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од учебната 2018/2019 година.

**ОДРЕДБИ ОД ДРУГИ ЗАКОНИ**

Закон за изменување и дополнување на Законот за Академијата за наставници („Службен весник на Република Македонија" бр. 192/2015):

**Член 8**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за Академијата за наставници („Службен весник на Република Македонија" бр. 30/2016):

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Закон за изменување на Законот за Академијата за наставници („Службен весник на Република Македонија" бр. 127/2016):

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".